# ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Зора ЈАЧОВА*

Филозофски факултет
Институт за дефектологија

# INCLUSIVE EDUCATION OF CHILDREN WITH SPECIAL NEEDS IN REPUBLIC OF MACEDONIA

*Zora JACHOVA*

Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation

## *Резиме*

Основната интенција на овој труд е да се презентира и анализира инклузивното образование во Република Македонија. Значи, стремењето кон интеграција на нашиот воспитно-образовен систем кон современите европски стандарди и модели на инклузивна едукација преку иницирање и применување иновации во образованието врз една востановена дидактичка основа со традиција, во Република Македонија се јавува како неминовност.

Фактот дека нашите наставници чувствуваат потреба од втемелување на соодветна инклузивна методологија, технологија и стратегии во инклузивната практика, наметна иницирање активности за едукација на наставници во редовните училишта во кои се прават обиди за примена на инклузивната практика.

За непречено реализирање на оваа цел релевантните институции иницираат и поддржуваат активности што значат поквалитетно и похумано образование.

## *Abstract*

The basic intention in this article is to represent and analyze the situation of the Inclusive Education in Macedonia.

To conclude: it is inevitable for Macedonia to strive to integrate its educational system into the contemporary European standards and models of inclusive education through initiating and implementing innovations in its system of education based on the already established didactic foundations of a longer tradition.

The fact that our teachers feel the need for relevant methodology for inclusion, technology and strategy in the inclusive practice, led to introducing activities aimed at educating teachers of mainstream schools in which attempts are being made to introduce inclusive practice.

In order to achieve this goal, all relevant institutions have initiated and supported such activities which translate into a better and more humane education.

Адреса за кореспонденција:

*Зора ЈАЧОВА*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј”
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
Бул. „Крсте Мисирков” бб
1000 Скопје, Република Македонија
jzora@unet.com.mk

Coresponding Address:

*Zora JACHOVA*
University "St. Cyril and Methodius"
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
Bull. "Krste Misirkov" bb,
1000 Skopje, Republic of Macedonia
jzora@unet.com.mk

Тоа подразбира обезбедување на локална инфраструктура и координација на стручни лица за поддршка и обезбедување на редовните училишта во кои се вклучени деца со ПОП со соодветни наставни средства и помагала.

***Клучни зборови***: *инклузивно образование, деца со посебни потреби*

## *Вовед*

### *Разлика меѓу интеграцијата и инклузијата*

Инклузијата претставува мултидимензионален концепт, кој содржи нови принципи базирани врз кохезијата на постмодерното општество; а од друга страна инклузијата ја разбираме како модел на интервенција за социјално исклучените групи.

Новиот концепт и терминологија се резултат на промените во социјалната реалност, новите социо-економски услови, идеи и тенденции.

Фактот дека термините „инклузија" и „интеграција" честопати се употребуваат како синоними, ја наметнува потребата од нивна дистинкција.

***Инклузијата*** не претставува интеграција (преместување и вклучување во редовни услови) и не означува асимилација или акомодација на идивидуата во рамките на социо-економските услови и релации во општеството. Во тој контекст инклузијата ги реконструира редовните услови на живеење на начин на кој се креираат можностите за целосна партиципација, припаѓање и социјална интеракција.

Значи, филозофијата на *инклузивно образование* го содржи радикалниот концепт за трансформација

On the other hand, means provision of local infrastructure and coordination of experts who will support and provide relevant teaching materials and aids for mainstream schools in which children with SEN are integrated.

***Key words:*** *Inclusive Education, Children with Special Needs*

## *Introduction*

### *The difference between integration and inclusion*

Inclusion means multidimensional concept which consists of new principles based on cohesion of post-modern society; on the other hand inclusion means a pattern of intervention for socially excluded groups.

The new concept and terminology are results from changes in social reality, new socio-economic conditions, ideas and tendencies.

The fact that the terms "inclusion" and "integration" are frequently used as synonyms imposes the need for their distinction.

***Inclusion*** is not integration (transfer and inclusion in usual conditions) and does not mean assimilation or accommodation of the individual in the framework of the socio-economic conditions and relations in the society. The inclusion reconstructs the usual living conditions in such a way that creates possibilities for complete participation, belonging and social interaction.

Thus, the philosophy of *Inclusive Education* contains in itself the radical concept of society transformation

на општеството во сите негови сегменти, односно менување на вредностите, приоритетите и политиката со која се поддржува вечната практика на исклучување и дискриминација. (1)

**Табела 1.** *Разлика меѓу интеграцијата и инклузијата (2)*

in all its segments, i.e., changing of values, priorities and policy which support the eternal practice of exclusion and discrimination. (1)

**Table 1.** *Differences between integration and inclusion (2)*

| *ИНТЕГРАЦИЈА / INTEGRATION* | *ИННКЛУЗИЈА / INCLUSIVE* |
|---|---|
| Модерен концепт / Modern concept | Постмодерен цонцепт / Postmodern concept |
| Хиерархиска структура / Hierarchy structure | Мрежна структура / Net structure |
| Универзалност / Universality | Индивидуализација / Individualization |
| Асимилација / Assimilation | Идентификација / Identification |

Определувајќи ги разликите меѓу термините инклузија и интеграција (Табела 1) доаѓаме до следниве заклучоци:

- **Инклузијата** е многу поприфатен термин во однос на интеграцијата, бидејќи претставува рефлексија на социјалната полифонија на постмодерното општество, односно инклузијата кореспондира со постмодерниот принцип на плурализмот, бидејќи пристапот врз кој е базиран е „социјалната интеграција" што може да се обезбеди преку избор, соработка и почитување на различните постигнувања;
- **Монолитноста** е карактеристика на модерните програми за интеграција, базирани врз одговорноста на државата и институциите. Во таа смисла интеграцијата ја поврзуваме со официјалните институции на општеството, организирани преку хиерархиски принцип;
- Инклузијата се организира преку мрежна структура на координација, така што секоја индивидуа е во центарот на системот;

When determining the differences between the terms inclusion and integration (Table 1), we may conclude:

- **Inclusion** is more accepted term vis-à-vis integration, because it is a reflection of social polyphony and postmodern society, i.e., the inclusion corresponds with the postmodern principle of pluralism since the approach it is based on is "social integration" and can be carried out through choice, cooperation and respect of different achievements;
- **Monolith** is the characteristic of modern programs for integration based on state and institutional responsibilities. In that sense, we connect the integration with official institutions in the society organized on a hierarchy principle;
- Inclusion is organized through net structure of coordination, which means that every individual is in the center of the system;

- Моделот за интеграција го поврзуваме со специфични стандарди, дефинирани норми или сет на постигнувања кон просечните резултати врз база на критериумот Нормализација;
- Инклузијата вклучува различна партиципација на индивидуата или групата во социјалните процеси, почитувајќи ја различноста, индивидуалните можности и желби.

Фундаменталниот принцип на инклузивното образование е проценување на различноста во рамките на хуманото општество. **Инклузивното образование вклучува идентификација, предизвик и надминување на бариерите на партиципација, условени од социјалните, културните, идеолошките и физичките фактори**. Значи, инклузијата е технички едноставна, но социјално комплексна, бидејќи е поврзана со реалноста на училиштето, другите образовни средини до димензијата на инклузијата, наречена „култура”. Во таа смисла инклузијата претставува трансформација на ставовите на луѓето, на училиштата, на системот и на општеството. (3)

### *Инклузивното образование во Република Македонија*

Фактот дека нашите наставници во 1998 година чувствуваа потреба од втемелување на соодветна инклузивна методологија, технологија и стратегии во инклузивната практика, наметна иницирање активности за едукација на наставниците во редовните училишта преку реализација на проектни активности со цел примена на инклузивната практика. (4)

- Integration is connected to specific standards, defined norms or set of achievements of average results on the base of the criteria Normalization;
- Inclusion contains different participation of an individual or a group in social processes, respecting the differences, individual possibilities and wishes.

The fundamental principle of the inclusive education is estimation of differences in the framework of the human society. **The inclusive education contains identification, challenge and overcome of barriers of participation, caused by social, cultural, ideological and physical factors**. Thus, inclusion is technically simple but socially complex because it is connected to the reality of the school, other educational environments to the dimension of inclusion so-called “culture”. In that sense, the inclusion is transformation of attitudes of people, schools, system and society. (3)

### *Inclusive education in the Republic of Macedonia*

The fact that our teachers in 1998 felt the need of establishing appropriate inclusive methodology, technology and strategies in the inclusive practice imposed initiation of activities for education of teachers in regular schools through realization of project activities aimed to apply inclusive practice. (4)

Како резултат на реализираните проектни активности во 2003 година се констатирани значајни ефекти, кои создадоа основа за експлорација на можности за проширување на мрежата со нови проектни училишта.

Во тој контекст, а со цел да се утврдат ставовите на наставниците и родителите во првите пет проектни училишта во однос на инклузивната практика, во мај и јуни 2003 година беше спроведено истражување (Јачова, З.). Во анкетата беа вклучени 123 наставници и 123 родители. Во структурата на прашалникот беа опфатени следниве области: Инклузивните училишта како стимулативна средина, прифатеноста на децата со посебни потреби во редовните училишта децата врсници, архитектонските бариери, поддршка од специјализирани лица, вклучувањето на децата со посебни потреби во редовните училишта, форми на дополнителна помош од дефектолог, придонесот на родителите во локалната заедница во рамките на инклузивниот процес, грижата на општествената заедница за децата со посебни потреби.

Резултатите од истражувањето ги презентираме со графички прикази во наредниот текст:

As an outcome of realized project activities in 2003, significant effects were concluded which created the base for exploration of possibilities for enlarging the net with new project schools.

In that context, in order to determine the attitudes of teachers and parents, in the first five project schools in regard with the inclusive practice, a research was carried out in may and june, 2003 (Jachova, Z.). The questionnaire included 123 teachers and 123 parents with the following items: Inclusive schools as stimulating environment, acceptance of children with special needs in regular schools by their schoolmates, architectonic barriers, support by specialized persons, inclusion of children with special needs in regular schools, forms of additional assistance by a special teacher, parents' contribution to the local community in the framework of the inclusive process, the care of the social community for children with special needs.

The results from the research are presented with figures in the following text:




**Слика 1.** *Редовното училиште како стимулативна средина*

**Figure 1.** *The regular school as stimulating environment*

Анализирајќи ја слика 1, можеме да заклучиме дека кај наставниците (1) и родителите (7) се анулирани негативните ставови преку спроведувањето на проектните активности.

Analyzing the figure 1, it can be concluded that with teachers (1) and parents (7) the negative attitudes were annulled through realization of the project activities.




**Слика 2.** *Прифатеноста на децата со посебни потреби во редовните училишта од децата врсници*

**Figure 2.** *Acceptance of children with special needs in regular schools by their schoolmates*

На слика 2 може да констатираме дека родителите (32) во однос на наставниците (76) имаат поголема скепса во ставовите, кои се однесуваат на прифатеноста на децата со посебни потреби во редовните училишта од страна на децата врсници.

It can be considered from figure 2 that parents (32) in regard to the teachers (76) possess greater skepticism in their attitudes concerning the acceptance of children with special needs in regular schools by their schoolmates.




**Слика 3.** *Архитектонски бариери*

**Figure 3.** *Architectonic barriers*

Анализирајќи ја слика 3, може да забележиме дека и родителите (57) и наставниците (31) имаат негативен одговор на прашањето во однос на надминувањето на архитектонските бариери.

Analyzing the figure 3, it can be noticed that parents (57) and teachers (31) have negative answer to the question in regard to overcoming the architectonic barriers.




**Слика 4.** *Потреба од дополнителна помош на дефектолог*

**Figure 4.** *The need of additional assistance by a special teacher*

На слика 4 можеме да заклучиме дека и родителите (93) и наставниците (95) имаат крајно позитивни ставови во однос на потребата од дополнителна помош на дефектолог како специјализирано лице во рамките на инклузивната практика.

It can be considered from figure 4 that parents (93) and teachers (95) possess extremely positive attitudes concerning the need of additional assistance by a special teacher as a specialized person in the framework of inclusive practice.




**Слика 5.** *Вклучувањето на децата со посебни потреби во редовните училишта*

**Figure 5.** *Inclusion of children with special needs in regular schools*

Анализирајќи ја слика 5 може да заклучиме дека родителите (66) имаат попозитивни ставови од наставниците (42) во однос на вклучувањето на децата со посебни потреби во редовните училишта.

Analyzing the figure 5, it can be concluded that parents (66) have more positive attitudes than teachers (42) in regard to inclusion of children with special needs in regular schools.




**Слика 6.** *Придонесот на родителите во локалната заедница во рамките на инклузивниот процес*

**Figure 6.** *Parents' contribution to the local community in the framework of the inclusive process*

Анализирајќи ја слика 6, може да заклучиме дека родителите (49) имаат поголема скепса во однос на наставниците (76), размислувајќи околу прашањето за придонесот на родителите во локалната заедница во рамките на инклузивниот процес.

Analyzing the figure 6, it can be concluded that parents (49) have greater skepticism in regard to teachers (76), considering the issue of parents' contribution to the local community in the framework of the inclusive process.




**Слика 7.** *Грижата на општествената заедница за децата со посебни потреби*

**Figure 7.** *The care of the social community for children with special needs.*

На слика 7 може да констатираме дека мал број родители (15) и наставници (12) сметаат дека општествената заедница се грижи за децата со посебни потреби.

It can be concluded from figure 7 that a small number of parents (15) and teachers (12) consider that the social community takes care of children with special needs.




**Слика 8.** *Форми на потребна дополнителна стручна помош*

**Figure 8.** *Forms of additional professional assistance*

Анализирајќи ја слика 8, може да заклучиме дека најголем број од наставниците (48%) се определиле за изработка на ИОП како една од формите на потребна дополнителна помош.

Analyzing the figure 8, it can be concluded that the largest number of teachers (48%) determined themselves to design IOP as one of the forms for additional necessary assistance.




**Слика 9.** *Прифатеноста на инклузивниот процес од наставниците*

На слика 9 може да забележиме дека 56% од наставниците имаат позитивен став во однос на прифаќањето на инклузивниот процес.

**Figure 9.** *The acceptance of the inclusive process by the teachers*

It can be noticed from figure 9 that 56% of the teachers have positive attitude towards the acceptance of the inclusive process.




**Слика 10.** *Прифатеноста на инклузивниот процес од страна на родителите*

Анализирајќи ја слика 10, може да забележиме дека 69% од родителите имаат позитивен став во однос на прифаќањето на инклузивниот процес.

**Figure 10.** *The acceptance of the inclusive process by the parents*

Analyzing figure 10 it can be noticed that 69% of parents have positive attitudes towards the acceptance of the inclusive process.

## Заклучоци

- Родителите и наставниците сметаат дека е неприфатлива „автоматската инклузија";
- Наставниците имаат попозитивни ставови од родителите во однос на прифатеноста на децата со посебни потреби од децата врсници во редовните училишта;
- Родителите и наставниците сметаат дека архитектонските бариери во училиштата не се надминати;
- Родителите и наставниците сметаат дека е неопходна поддршката од мобилните дефектолози во инклузивниот процес;
- Доминира позитивниот став на родителите во однос на вклучувањето на децата со посебни потреби во редовните училишта;
- Ангажирањето на родителите на децата врсници во рамките на инклузивниот процес ќе овозможи анимирање на локалната заедница;
- Родителите и наставниците сметаат дека општествената заедница не се грижи во доволна мера за децата со посебни потреби;
- Наставниците ја нагласуваат неопходноста од поддршката на дефектолозите при изработката на ИОП;
- Родителите и наставниците го прифаќаат реализирањето на инклузивниот процес.

## Conclusions

- Both parents and the teachers find "the automatic inclusion" unacceptable;
- The teachers have more positive attitudes than parents towards acceptance of children with special needs in regular schools by their schoolmates;
- Both parents and teachers find the architectonic barriers not overcome;
- Both parents and teachers find the support of the mobile special teachers in the inclusive process necessary;
- The patents' positive attitude towards inclusion of children with special needs in the regular schools is dominant;
- The engagement of schoolmates' parents in the framework of the inclusive process will enable animation of the local community;
- Both parents and teachers think that the social community does not take enough care of children with special needs;
- The teachers point out the necessity of the special teachers' support with the design of IOP;
- Both parents and teachers accept the realization of the inclusive process.

## Препораки

- Прифаќање на инклузијата како обврска;
- Да се обезбеди законодавна поддршка за инклузивното образование;

## Recommendations

- Acceptance of the inclusion as an obligation;
- To provide legislative support to the inclusive education;

- Примената на стратегиите од активната настава од страна на наставниците претставува основа во инклузивниот пристап;
- „Автоматската инклузија" е неприфатлива;
- Прифаќањето на децата со посебни потреби од страна на децата врсници е еден од основните предуслови во инклузивното образование;
- Дефинирање на специфичните потреби и пружање на соодветна рана интервенција;
- Утврдување на специфичните потреби со официјална проценка од страна на комисија;
- Систем за вреднување на успехот на учениците со посебни потреби;
- Одговорната инклузија подразбира обезбедување на мрежа на координација меѓу сите инволвирани страни;
- Градење на национална рамка за компетентност во почетната настава;
- Фундирање на систем на мрежа од мобилни дефектолози;
- Развој на служба за експертиза и супервизија;
- Надминување на архитектонските бариери;
- Мултидисциплинарен приод.

- The implementation of active teaching strategies by the teachers is the base for the inclusive approach;
- The "automatic inclusion" is unacceptable;
- The acceptance of children with special needs by their schoolmates is one of the basic preconditions in the inclusive education;
- Defining the special needs and giving an apropriate early intervention;
- Determing the specific needs with official estimation by a commission;
- System of the success evaluation of pupils with special needs;
- The responsible inclusion means net creating for coordination between the involved parties;
- Building a national framework of competency at initial teaching;
- Establishing a system of mobile special teachers' net;
- Development of service for expertise and supervision;
- Overcoming of architectonic barriers;
- Multidisciplinary approach

## *Литература / References*

1. **Barton L.** Market ideologies, education and the challenge fo inclusion. Inclisive Education, London: Kogan Page, 1999: 58.

2. **Sucur Z.** Inclusion concept: Sociological perspective. Proceedings of the 5th Scientific Conference of Rehabilitation and Inclusion, Zagreb: Faculty of Special Education and Rehabilitation, University of Zagreb,1997: 35.

3. REPORT-SUB-REGIONAL WORKSHOP CENTRAL AND EASTERN EUROPE, BUCHAREST: UNESCO CEPES, 2000: 35.

4. **Јачова З, Самарџиска-Панова Љ, Лешковски И, Ивановска М.** Прирачник за проектот Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта во Р.М. Скопје: Биро за развој на образованието, 2002: 8.